# „Проект за младинско изразување”
# Упатство за буџетирање

Упатство има за цел да даде објаснување при пополнување на формуларот за буџет и да ви помогне да развиете соодветен и рационален буџет при пријавување на програмата за ре – грантирање во рамки на „Проектот за младинско изразување“ поддржан од Европската Унија и спроведуван од Младински образовен форум, Центарот за балканска соработка - Љоја и Младински сојуз Крушево.

Пополнете ја пријавата на македонски јазик. Водете сметка дека проектот е ослободен од плаќање на ДДВ. ДДВ е прифатлив само доколку:

- ДДВ не може да се поврати и
- се утврди дека го сноси крајниот корисник;
- или е јасно идентификуван во рамките на проектот.

**Буџетот треба да биде пресметан во евра.**

**1. Предлог-буџет**

Оценете најдобро што можете на која буџетска линија ѝ припаѓа трошокот за вашиот предлог - проект. Не заборавајте во бараните износи да ги вклучите и даноците, освен ДДВ кој не треба да биде вклучен во буџетот. Ваша обврска ќе биде да ги плаќате сите даноци во согласност со законите на Република Македонија освен ДДВ за кој, во асистенција на МОФ ќе спроведете постапка за ослободување по основ на странска донација, во Сектретаријатот за европски прашања (СЕП).

1.1 Човечки ресурси (бруто)

Во оваа буџетска линија треба да ги вклучи сите лица кои се вработени во проектот. Финансирањето на плати може да покрие исплаќања врз основа на договор за вработување, вклучително даноци и придонеси за социјално и здравствено осигурување. Оваа категорија не опфаќа лица за кои се предвидени хонорари и договори за надворешни професионални услуги. Доколку предвидите членови на тимот кои нема да работат 100% на овој проект, Ве молиме да наведете во проценти, време и плата која ќе биде покриена од овој проект, во заграда по наведувањето на позицијата во буџетот.

1.2 Транспорт

Оваа буџетска линија ги специфицира проектните трошоци како што се билети за автобус/воз, локален превоз (пр. такси) и гориво. Специфицирајте сума за билети или пак километри. (пр. по километар по ХХ ЕУР)

1.3 Трошоци за проектна акција

Оваа буџетска линија се однесува на трошоците поврзани со активности на проектот како организирање на работилници, тренинзи, настани, сместување, храна и освежување. Би требало да ги содржи сите други трошоци поврзани како што се изнајмување простор, изнајмување аудио и видео опрема, опрема за толкување итн. Тука се наведуваат и трошоци за издавање, печатење и копирање кои што се поврзани со проектните активности.

Проектот за младинско изразување е е поддржан од Европската Унија
и спроведуван од Младински образовен форум,
Центарот за балканска соработка - Љоја и Младински сојуз Крушево.

Наведете ставки како што се хонорари за лица ангажирани врз основа на договори (пр. Хонорари за модератор/фасилитатор/тренер, хонорар за превод/толкување, лектура, превод на материјали од друг јазик, дизајнер и сл.)

1.4 Други трошоци

Овој дел е за трошоците кои не влегуваат во другите буџетски категории. Наведете ги конкретните трошоци кои ке се вклучени на друго место

1.5 Административни трошоци

Административните трошоци се трошоци кои настануваат од секојдневното работење на организацијата и не се директно поврзани со проектните активности (пр. редовни трошоци за канцеларија, телефон, интернет, банкарски услуги и сл.). Износот на оваа буџетска линија може да достигне максимум 7% од вкупните директни трошоци. Овој тип трошоци не мора детално да се прикажат во буџетот. Доволно е да се прикаже само вкупна сума. Административните трошоци ќе бидат одобрени доколку организацијата има реални трошоци за канцеларија.

## 2. Оправданост на буџет

Буџетот е прикачен како Анекс II на повикот, тука спаѓа меѓу другото задолжителниот работен лист за оправдување ("Оправданост на буџет") кој треба да го пополни секој апликант. Овој работен лист е клучен документ. Образецот за оправдување има за цел да даде детално и точно објаснување зошто буџетските ставки се значајни за постигнување на целта на проектот. Ве молиме обезбедете детално објаснување за да го поткрепите вашиот предлог - буџет. Опишете ги информациите и методите кои се користат за утврдување на износите на единечни трошоци и објаснете ги формулите за пресметка.

Проектот за младинско изразување е е поддржан од Европската Унија
и спроведуван од Младински образовен форум,
Центарот за балканска соработка - Лоја и Младински сојуз Крушево.